# СОБРАНИЕ НА ЗАМП

**5010.**

Врз основа на член 132 и член 144 од Законот за авторското право и сродните права на Република Северна Македонија (Сл.Весник на РМ бр.115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16), член 13 став 1 точка 1 од Статутот на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП Скопје (во понатамошниот текст: ЗАМП Скопје), Собранието на ЗАМП Скопје на седницата одржана на ден 28.12.2023 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА АВТОРСКИ НАДОМЕСТОЦИ

Член 1

Во Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распредеделба на авторски надоместоци (објавен во Службен весник на РСМ број 147 од 12.07.2023 година) се дополнува членот 8, на начин што се додава нов став 2 кој гласи:

“Одредбите на овој Правилник ќе се применуваат на авторските надоместоци за емитувани авторски дела кои се прибираат по неговото влегување во сила, додека на авторските надоместоци за емитувани авторски дела кои се прибирааат пред неговото влегување во сила, ќе се применува Правилникот кој важел пред денот на влегувањето во сила на овој Правилник.“

Член 2

Овој Правилник се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија и влегува во сила на денот на објавувањето.

Бр. 03-1675/1
28 декември 2023 година
Скопје

Собрание на ЗАМП
Претседател,
**Дејан Момироски,** с.р.